РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-767/С

04-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-767/1 од 16.02.2026 година, со наводи за сомневање за пропусти и несовесно работење на --------------- -- -------------------- -- ----------------- ------ за подрачје - -----------------, а во врска со постапка за запишување на права на недвижности од 2009 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган, а воедно за случајот е оформен нов предмет по кој постапувањето е во тек пред --------------- -- ----------------- -- ---------------- ----------.

Предметот со број 12-767/1 од 16.02.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 16.02.2026 година, доставена е пријава, по која е оформен предмет број 12-767/1 од 16.02.2026 година. Во пријавата изнесени се наводи за сомневање за пропусти и несовесно работење на --------------- -- ------------------ -- ---------------- ------ за подрачје - -----------------, а во врска со постапка за запишување на права на недвижности од 2009 година.

Во насока на проверка на наводите по предметот, ДКСК достави барање до Државниот управен инспекторат за надлежно постапување како и нивно произнесување дали по однос на предметниот случај биле преземени конкретни мерки и дејствија од нивна надлежност со достава на прилог документација.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилози и по разгледување на целокупната документација во предметот констатирано е следното:

Државниот управен инспекторат на РСМ на 16.003.2026 година извршил вонреден инспекциски надзор над --------------- -- ----------------- -- ----------------- –Одделение за -------------------- -- ----------- ------ ----------- по однос на наводите од пријавата, при што од страна на овластен управен инспектор бил изготвен Записник број ИП 1 БР -- - --- од -- . --. -------- година, со констатирана повреда на Закон. Имено, инспекторот констатирал дека до Агенцијата била поднесена пријава со број ----/-- од --. --. ------- година од страна на лицето -------------- --------------- во врска за систематско запишување на правата на недвижностите. По пријавата не било одлучено со управен акт, односно била изготвена службена белешка со датум од 01.04.2010 година со која предметот е затворен и архивиран што е спротивно на одредбите од материјалниот закон и Законот за општата управна постапка.
Наведено е дека врз основа на констатираните неправилности, од страна на управниот инспектор ќе бидат преземени инспекциски мерки, со што ќе биде изготвено решение на субјектот на надзорот со изрекување на инспекциска мерка и рок за нејзино извршување Согласно член 17 од Законот управна инспекција и член 68 од Законот за инспекциски надзор, во насока на преземање на конкретни управни дејствија од страна на субјектот на надзорот во однос на окончување на самата постапка.

ДКСК се обрати и побара од --------------- -- ----------------- -- ----------------- да достави информација за тоа дали и како е постапено од нивна страна по однос по однос решението на државниот управен инспектор донесено врз основа на констатираните неправилности при надзорот спроведен над субјектот на надзор на ден 16.003.2026 година.

Од страна на Агенцијата доставен е одговор во кој е наведено дека Одделението за ----------------- -- ----------------- --------------- до Секторот за контрола е доставено Решение ИП 1 БР. -- - --- од -- . --. -------- година со наредба до раководителот на одделението за -------------------- -- ----------------- ------------ за преземање на мерки и дејствија заради отстранување на недостатоците утврдени со Записникот 1 БР. -- - --- од -- . --. -------- година. За таа цел а согласно донесеното решение ИП1 бр. -- - ---- заради продолжување на постапката од страна на -------------------- -- ---------------- ----- ------ по службена должност бил оформен предмет број ---- - --/---- од -- .-- .------ година за запишување на недвижности кои останале со незапишани права за КО ------- ---------- , а дополнително е испратена и покана заведена под број 1126-155/2 од 21.04.2026 година до учесникот лицето ----------- ----------- заради учество во предметната постапка.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за случајот е постапено од страна на друг надлежен орган а воедно е оформен нов предмет пред надлежниот ------------- на недвижности каде што постапувањето е во тек.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до
–Подносителот на пријавата